# А Н А Л И З А

## НА НАДЗОРОТ ВРЗ ОБВРСКИТЕ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ И ДРУГИТЕ АКТИВНОСТИ НА СЕКТОРОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПИРАТЕРИЈА И ЗАШТИТА НА АВТОРСКИТЕ И СРОДНИТЕ ПРАВА ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ НА 2013 ГОДИНА

**1.Правна рамка во која се одвиваат активностите на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права:**

Надлежноста на Советот за радиодифузија е правно уредена со Законот за радиодифузната дејност (Службен весник на РМ бр. 100/2005, 19/2007, 103/2008, 152/2008, 6/2010, 145/2010, 97/2011, 13/2012 и 72/2013), а од неа произлегуваат и овластувањата и обврските на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права.

Согласно член 37 став 1 точка 7 од Законот за радиодифузнат дејност, Советот разгледува претставки од граѓаните во врска со радиотелевизиските програми и програмските сервиси реемитувани преку јавните комуникациски мрежи и во врска со работата на радиодифузерите и редовно ја известува јавноста во врска со преземените мерки.

Според член 37 став 1 точка 6 од Законот за радиодифузната дејност, Советот е должен да го информира органот надлежен за заштита на авторските и сродните права кога се сомнева дека е сторена повреда на авторски и сродни права за кои поседува докази.

Член 77 став 1 од Законот за радиодифузна дејност пропишува обврска за радиодифузерите да создаваат и емитуваат програми со уредени авторски права и сродни права. Неговиот став 2 определува обврска за радиодифузерите, на барње на Советот за радиодифузија и на други надлежни органи да достават документи кои го докажуваат уредувањето на авторските и сродните права.

Во членот 38 од Законот за радиодифузна дејност е регулирана палетата од мерки што Советот за радиодифузија има право да ги примени спрема радиодифузерите доколку констатира непочитување на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и условите утврдени со дозволата за вршење на радиодифузна дејност. Тие мерки се: писмена опомена, опомена со барање за објавување, времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден до седум дена и времена забрана за емитување на програмскиот сервис за период од најмногу три месеци. Мерките писмена опомена и писмена опомена со барање за објавување го исклучуваат покренувањето на прекршочна постапка во случај на отстранување на повредите заради кои се изречени.

Советот за радиодифузија, се разбира, ги применува и соодветните одредби од Законот за авторското право и сродните права, каде е подробно нормирана граѓанската и базично нормирана кривичната одговорност за повреда на авторските и сродните права, и од Кривичниот законик, каде е детално пропишана кривична одговорност за повреда на авторските и сродните права.

Во постапката за проверка на регулираноста на авторските и сродните права од страна на радиодифузерите се применува и Одлуката за доставување на

пропратната документација кон барањата и другите дописи упатени до архивата на Советот за радиодифузија бр. 02-4880/1 од 24.09.2012 година.

**2. Извршени мониторинзи:**

Во првото полугодие на 2013 година се извршени 2 мониторинзи над работата на радиодифузерите во врска со обврската за создавање и емитување на програма со регулирани авторски и сродни права, определена со член 77 став 1 од Законот за радиодифузна дејност (Службен весник на РМ бр. 100/2005, 19/2007, 103/2008, 152/2008, 6/2010, 145/2010, 97/2011, 13/2012 и 72/2013).

Советот за радиодифузија на Република Македонија, со барање бр. 03-2876/1 оd 20.06.2013 година, од регионалниот радиодифузер ТРД ТВ ЕДО - ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, Скопје, побара документација за уредени авторски и сродни права за емитувана играна (филмска) програма во времето од 09.06.2013 до 16.06.2013 година.

Советот за радиодифузија на Република Македонија, со допис бр. 03-2868/1 од 19.06.2013 година, упатен до радиодифузерот на државно ниво ТРД 24 Вести ДООЕЛ – Штип, побара достава на валидни договори за уредени авторски и сродни права за емитувани интермецо ТВ облици и документарни емисии по 17,00 часот на 05.06.2013 и 12.06.2013 година на неговиот сателитски телевизиски програмски сервис.

Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторските и сродните права, во соработка со Програмскиот сектор, подготви две посебни Информации за регулираноста на авторските и сродните права на овие два радиодифузери во поглед на наведената програмски содржини, која беше разгледана на 32 – та седница на Советот за радиодифузија, одржана на ден 01.07.2013 година.

**КОНСТАТАЦИИ:** При проверката на регулираноста на авторските и сродните права, кога е во прашање набавка на филмска програма од странство, недостасуваат сигурни податоци дали фирмата – застапник на филмски и телевизиски права има својство на овластен дистрибутер за РМ, односно регионот на Југоисточна Европа. Бидејќи македонскиот филмски и телевизиски, односно медоумски пазар е мал, се практикува со заинтересираните на тој пазар да контактира регионалниот дистрибутер.

Мониторирањето на регулираноста на авторските и сродните права на локалните радиодифузери од внатрешноста на Република Македонија, е проследено со тешкотии, затоа што нивните програмски сервиси не се технички поврзани со системот за мониторинг на Советот за радиодифузија, лоциран во неговото седиште во Скопје.

**ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ:** Советот за радиодифузија да продолжи со своите залагања за обезбедување правни, финансиски и технички услови за дотур на сигнал од сите оператори на јавна комуникациска мрежа од внатрешноста на Република Македонија, од причина што со вака планираниот дотур на сигналот ќе се обезбеди континуиран и непречен мониторинг и на програмските сервиси на сите радиодифузери во Република Македонија, како од програмски апспект, така и од аспект на проверка на почитувањето на авторските и сродните права за од нивна страна создадената и од други субјекти нарачана или откупена програма.

**3. Изготвени записници за констатирани прекршоци и издадени платни налози:**

**а)** Не се изготвени вакви акти.

**ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ:** Да се подготват такви кога ќе има фактички и правни услови за тоа.

**4. Активности во врска со покренати постапки по кривични пријави и барања за поведување на прекршочни постапки против радиодифузери за кривични дела или прекршоци од областа на авторското право и сродните права**

Во првото полугодие од 2013 година не се поднесени кривични пријави или барања за поведување на прекршочни постапки, согласно законската можност од член 37 став 1 точка 20 од Законот за радиодифузната дејност.

Согласно воедначените стојалишта на апелационите судови во Република Македонија, барање за поведување на прекршочна постапка може да се поднесе по спроведена постапка за порамнување, со примена на одредбите од Законот за прекршоци.

**ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ:** Да се следи текот на сите кривични пријави и барањата за поведување на прекршочни постапки во текот на следното тримесечие. Да се направат и ургенции, таму каде што има опасност од застарување на предметите.

**5. Правосилно решени кривични и прекршочни предмети за кривични дела и прекршоци од областа на авторското право и сродните права**

Нема се во тек такви предмети во периодот што е предмет на анализа.

**5. Донесувањето на Законот за филмската дејност и неговото влијание врз позицијата на радиодифузерите и другите субјекти од радиодифузната област**

Во „Службен весник на РМ“ бр. 82 од 05.06.2013 година е објавен Законот за филмската дејност. Овој Закон влезе во сила осмиот ден од денот на објавувањето, а ќе се применува од 1 јануари 2014 година.
Членот 11 од предметниот закон се однесува на изворите на средства за работа на Агенцијата за филм на Република Македонија. Видно од содржината на член 11 став (2) алинеја (4), во изворите на средства за работа на Агенцијата за филм, спаѓаат и надоместоци на правни лица утврдени во овој закон.

Членот 12 од Законот за филмската дејност се занимава со основите за определување на надоместоци од правни лица. Во ставот (1) од член 12 е определено дека во надоместоците кои ги стекнува Агенцијата, покрај другите, спаѓаат и: 1,1% од приходот на телевизиските програмски сервиси на национално ниво, 1,1% од приходот на телевизиските програмски сервиси на регионално ниво, 1,1% од приходот на телевизиските програмски сервиси на локално ниво, и 2,5 % од приходот на кабелските оператори кои вршат реемитување на телевизиски програми, што значи дека и субјектите кои вршат радиодифузна дејност учествуваат во финансирањето на филмската дејност во Република Македонија.

Се очекуваат позитивни ефекти од законското решение од член 39 став (9) од Законот за фимската дејност, со кое е пропишана обврска за филмските продуценти кои добиле средства од Агенцијата за филм во рок од две години сметано од денот на премиерното прикажување на филмот, без надоместок, да го понудат филмот за телевизиско прикажување на Јавното претпријатие Македонска радиотелевизија, на националните, регионалните и локалните телевизии во Република Македонија.

Законското решение од претходниот став ќе ја сведе на минимум можноста новите домашни филмови да бидат прикажувани на домашните телевизии без регулирани авторски и сродни права. Останува обврската на Советот за радиодифузија да го следи почитувањето на авторските и сродните права на претходно произведените домашни филмови, за чие гледање постои голем интерес кај домашната телевизиска публика.

Главата V од Законот за филмската дејност е посветена на поттикнување на вложување средства во филмски, односно телевизиски проект. Во членот 43 став (1) од овој Закон е нормирано дека филмскиот продуцент кој во Република Македонија вложил средства за реализација на игран или документарен или анимиран филм или ТВ филм или ТВ серија (во натамошниот текст:филмски, односно телевизиски проект), може да се стекне со право на поврат на вложените средства под услови утврдени во овој закон (во натамошниот текст: право на поврат на средства). Во став (2) од член 43 се вели дека правото на поврат на средства изнесува 20% од бруто трошоците направени во Република Македонија за реализација на филмски, односно телевизиски проект согласно со овој закон. Членот 44 од Законот за филмската дејност содржи исклучоци од правото на поврат на средствата вложени во Република Македонија, со тоа што овие последниве важат за снимање на рекламно аудиовизуелно дело, аудиовизуелна комерцијална комуникација, дневна драма (сапуница), ситуациска комедија, телевизиско шоу и други телевизиски програми.

**6. Други активности**

1. Учество на состаноци на работната група 3.7 Интелектуална сопственост, организирани од надлежниот сектор во Државниот завод за индустриска сопственост
2. Учество на една TAIEX работилница
3. Подготовка на мислење за измените и дополнувањата на Законот за авторското право и сродните права
4. Подготовка на мислење, предлози и забелешки по Нацрт – работната верзија на Законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски сервиси

**7. Предлози за подобрување на законската регулатива:**

Во месец септември 2013 година, на дневен ред на 72 седница на Собранието на Република Макеоднија, беше ставен Дополнетиот предлог на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со членот 144 став 3 од Дополнетиот предлог на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е пропишана дополнителна обврска за операторите на јавни комуникацски мрежи, на линија на досегашните залагања на Советот за радиодифузија за правно обврзувачка техничка конкеција на сите оператори на јавна комуникациски мрежа, со цел обезбедување на непречен и континуиран мониторинг на нивната програмска понуда, независно од дали дали се во Скопје или во внатрешноста на Република Макеоднија.

Предложениот член 144 став 3 дословно гласи вака:
(3) Операторите кои реемитуваат програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање , се должни својот излезен сигнал со иста содржина на онаа што им е достапна на нивните претплатници, континуирано да го испорачуваат до локацијата за прибирање на сигнали лоцирана во секои од подрачјата на регионално ниво согласно членот 62 став (4) од овој закон, заради негова понатамошна дистрибуција до системот за програмски надзор на Агенцијата во Скопје.

Техничката конекција ќе биде од корист за програмски надзор над работата на радиодифузерите, од гледна точка на почитување на програмските стандарди, вклучувајќи го и респектирањето на авторските и сродните права при создавањето и емитувањето на програми. Техничката и правната можност да се мониторира програмската понуда на операторите на јавни комуникациски мрежи, во исто време значи техничка и правна можност за мониторирање на програмските сервиси на радиодифузерите, пред се телевизиите на државено, регионално и локално ниво, независно од тоа дали е во прашање јавниот или комерцијалниот радидифузен сектор.

Новата радиодифузна, односно медиумска регулатива, покрај линеарните аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (традиционалното радио и телевизија, што се слуша и гледа по шема), треба да ги опфати и нелинарните аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (аудио на барање, видео на барање и други), а обврската за почитување на авторските и сродните права важи за сите видови сервиси, независно од нивната техничка и друга природа.

**Изработиле: Владимир Ѓорѓиески, Билјана Бошнаковски и Бурим Хамиди**
**Одобрил: Слободан Беличански**